**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 27 декември 2006 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија сала број 1 (со почеток во 11,20 часот)

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници ја отворам Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Миле Пачемвски, Лазар Китановски, Ќенан Хасипи, Хади Незири, Ристо Пенов, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Јагнула Куновска, Данаил Дончев, Садула Дураки, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Арбен Џафери, Мендух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го уврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија.

Предлагам Предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 60 гласале за, воздржани нема, против еден.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

2. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР , Алтеа.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирма дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1-Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор.

Има збор министерот за одбрана Лазар Еленовски.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал да го образложам само предлогот. Знаеме дека повеќе години Република Македонија учествува во мировната мисија ИСАФ заедно со сојузничките сили и имајќи предвид дека ИСАФ е пред се НАТО водена операција и најбитна. Во таа насока ние повеќе години веќе неколку пати одевме со наши сили претежно последниот пат со чета и вод и имајќи ја во предвид исклучително битната обврска што ја имаме со нашата чета која што ќе ја обавува задачата на обезбедување на главната команда на ИСАФ. Сметавме дека со оваа задача, а и согласно договорите со нашите сојузници дека треба да продолжиме со истата задача и во таа насока станува збор во Одлуката за ротација на нашите сили и таа ротација би требала да биде со една механизирана пешадиска чета од 127 припадници при што треба да бидат 8 офицери, 22 подофицери и 97 професионални војници. Инаку како и досега ние ќе одиме во исполнување на нашите обврски заедно со Британскиот контигент, под Британско спонзорство како и претходниот пат и мислам дека целата операција таму што ја обавуваат нашите навистина можеме и да ја поздравиме денеска оваа мисија во која што беше оваа чета навистина наиде на извонреден прием и потврдена беше нивната професионалност од сите команданти во ИСАФ мисијата, меѓутоа исто така и од аганистанските безбедносни структури. Така што во таа насока уште еднаш да потенцирам значи одиме со истата задача на истото место во центарот на Кабул предлагаме оваа одлука почитуваниот Парламент да ја донесе согласно законската одредба дека упатувањето во мисии е обврска на Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, колеги пратеници и почитуван министер за одбрана,

Како и повеќе пати досега дојде време да донесеме одлука за продолжување на мандатот на контигентот војници кој што учествува во мировната мисија во Авганистан. И неспорна е нашата поддршка, ние многу пати сме расправале, сакам да укажам само на неколку работи.

Прво прашање до министерот би сакал да ми одговори, во претходниот состав кога гласавме тука во еден документ пишува 115. Сега дали е зголемен бројот, или тие луѓе не биле

вкалкулирани. Она што е за поздравување е дека еден дел од трошоците ги партиципираат поголемите земји, дел од нашите средства и како поздрав, како ставка во Буџетот на Република Македонија прв пат се издвојува посебна ставка за учество во мировните мисии. Само сакам да напоменам две работи.

Првата работа е дека коректно е веќе и мислам дека Министерство за одбрана, или Министерството за надворешни работи заедно ќе треба да поднесат еден извештај за досегашните мисии и за успешноста, за тоа што таму се случува. Мислам дека тоа не е тешко и дека тоа ќе го направите за да можеме без проблеми секој пат кога доаѓа ваква точка на дневен ред да ја гласаме.

Втора работа, односно меѓу овие две работи што сакам да напомнам, постапката е итна на барање на Владата. Само да ве потсетам вас како парламентарно мнозинство од 64 пратеника 22 се од опозиција и мислам дека ако Владата носи точка по итна постапка, коректно е да се обезбеди мнозинството, иако ова е заслуга и на мнозинството и на опозицијата и тоа е за поздравување.

Трета работа за која што сакам да прозборам, а да ве замолам вас лично господине министер, јас ги гледам вашите напори на еден војник на кој што му обезбедивте пензија, сакам да се грижите и за сите овие наши офицери и војници кои што таму ги праќаме. Што значи тоа? Јас имам еден амандман каде што барав да се почне со изградба на станови за војската, затоа што сметам дека тие луѓе кои што таму извонредно ја претставуваат Република Македонија се едни од најдобрите војници со кои што ние се гордееме, доколку не дај боже се случи нешто, мислам дека не се соодветно осигурани. За да не се случи не дај боже некој инцидент каде што би настрадал некој од овие војници, оваа држава бидејќи тие се наши најдобри амбасадори, сметам дека треба да создаде предуслови и услови тие луѓе евентуално да бидат обештетени. Што значи тоа? Не дај боже ако нешто се случи да имаат право на решавање на станбено прашање, вработување на нивните членови од семејството, решавање на проблемите на нивните деца. Да не се случува иако можеби е неумесна споредбата на некои деца на некои заслужни граѓани што им се случи земаат огромни цифри за оштета, а други кои што го дадоа животот бранејќи ја оваа држава да останат без пензии и без средства за школување. Затоа во мое име и во име на СДСМ, можам да зборувам за мојата пратеничка група, ние ќе го поддржиме како и секогаш досега, меѓутоа од вас инсистирам во делот на понатамошниот развој на оружените сили на Армијата на Република Македонија особено според стандардите на НАТО кои што се во алиансата да направите напори и овие проблеми кои јас делумно ги напомнав да бидат решени.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Абдулади Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам,

Денес пред нас имаме Предлог одлука испратена од страна на Владата на Република Македонија каде што овие одлуки ги донесува Републичкото собрание и сигурно дека без сомнение ние ќе ја поддржиме оваа Предлог одлука која што денес ја имаме за расправа пред нас. Вие знаете дека нашите ангажмани уште од почетокот за да бидеме членки на НАТО структурите и другите меѓународни организации, сигурно дека Република Македонија треба да учествува и преку испраќање на единици во разните операции за обезбедување на мир во светот. Конкретно денес имаме и одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан за да се даде поддршка на привремената Влада во Авганистан и сигурно дека денес имаме број кој што го нагласи предлагачот на Владата или пак предлагачот на Предлог одлуката, значи министерот. Мислам дека оваа бројка во иднина ќе биде уште поголема и ќе се распредели и во многу други места и земји каде што има потреба од помош и од давање на наш придонес за да се покаже дека и ние, нашите војници, нашите офицери ги исполнуваат стандардите кои што се бараат од НАТО структурите. Јас мислам дека во оваа насока имајќи ја предвид Предлог одлуката за да учествуваат војници и офицери и други припадници во Армијата на АРМ сигурно имам предвид дека министерот за одбрана имал предвид и во иднина ќе има и понатаму во предвид начела за правично и соодветно застапување на етничките заедници во овие операции, било во Исаф во Авганистан, во Алтеа во Босна итн, во сите други мировни операции, или пак други земји каде што ќе се испраќаат единици на Армијата на Република Македонија значи, уште еднаш јас мислам дека е наша обврска како Република Македонија да учествуваме на овие мировни операции каде што сигурно ќе имаме уште една друга поголема обврска за нивна одбрана, заштита и водење грижа за оние кои што одат во рамките на Република Македонија во разни операции, во разни земји во светот.

Говорникот пред мене рече дека сигурно посебно внимание и грижа треба да водиме за оние кои што учествуваат во овие операции и нашата грижа треба да биде за нив за не дај боже да се случи некоја несреќа која што може да им се случи на војниците во разните земји каде што се испраќаат. Затоа мислам дека уште еднаш ние одиме кон она што е стандард што треба да го исполниме како држава и мислам дека во иднина бидејќи сите овие обврски кои што произлегуваат, или пак од финансиски аспект сме помогнати и од државите кои што не покануваат да бидеме дел од овие мировни операции и буџетот на Република Македонија учествува со една симболична сума, или пак износ. Немам познавање каква е поделбата. Меѓутоа, мислам дека ние треба да бидеме во почести контакти со земјите членки на НАТО и разните операции како

што е ИСАФ, или пак некоја друга за да бидеме повеќе присутни, повеќе претставени, затоа што ова е наш интерес, затоа што ние сме дел од структурите за одржување на мирот секаде во светот и за една поголема професионализација на нашите офицери и војници, со тоа што учествуваат во овие операции и мисии во разните земји во светот. Затоа уште еднаш сакам, значи со други зборови ние тука имаме висока согласност околу тоа што се нарекува интеграција на Македонија во НАТО структурите и во Европската Унија и тука нема дилема и во овој случај токму за оваа Предлог одлука која што се предлага од страна на Владата до Републичко собрание ќе ја има нашата потполна поддршка овој предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Лазар Еленовски.

**Лазар Еленовски:** Сакав да му одговорам претходно на господинот Рахиќ во однос на тие прашања што ги постави. Се согласувам дека треба да поднесеме извештај за мисиите, како што кажа господинот Рахиќ да видиме таму на вистина што се случува. Ние имавме прилика заедно со претседателот на Комисијата за одбрана да видиме што точно таму се случува, бидејќи не можете да прочитате ништо во било каков извештај, тоа е полошо отколку да видите на лице место навистина што се случува таму. Така што во секој случај наредниот пат кога ќе одиме, ќе си земам за обврска да му пратам покана на господинот Рахиќ да дојде со нас, да видиме навистина што се случува таму.

Понатаму, се согласувам апсолутно околу животниот стандард на припадниците на оружените сили. Тоа е една проблематика која што егзистира од самото формирање на Армијата. Меѓутоа, оној аспек кој што го спомна господинот Рахиќ е една од работите за кои што ние моментално бараме во Министерството за одбрана одредено решение како да го подобриме осигурувањето на нашите припадници на оружените сили кои што се упатени во мисии. Така што најверојатно набрзо ние ќе излеземе со конкретен одговор, имајќи предвид дека моменталното осигурување навистина е премногу ниско.

И во поглед на сугестијата на господинот Вејсели, би сакал да изразам дека навистина имајќи предвид дека Македонија е мултиетничко општество, Армијата исто така треба да биде мултиетничка, ние сме комплетно согласни околу тоа. Има многу процеси во рамките на Армијата кои што се водат во насока на правична етничка застапеност, значи на заедниците. И секако во однос на етничката застапеност на нашите мисии, односно составот на припадниците кој што се упатува во конкретната мисија. Така што се води сметка и за таа работа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Секогаш како појаки аспиранти за полноправно членство во НАТО не само што сме аспиранти за зачленување во НАТО, но со ова сме се задолжиле и други обврски и ангажмани за да бидеме активни учесници во меѓународни мировни операции во НАТО. Треба да спомнеме дека голема улога во позитивните оценки кои ги добива Македонија како држава аспирант за членство во НАТО игра улога и учеството во вакви мировни операции. Затоа без да должам во име на парламентарната група на ДПА ја поздравувам и силно ја поддржувам одлуката за испраќање воени единици на Република Македонија во овие мисии.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Би сакал да ја искажам поддршката на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за подобра Македонија за предлогот за испраќање наши единици при мисијата ИСАФ во Авганистан и би сакал да го изразам во исто време задоволството од тоа што на еден ваков консензуален начин ние веќе испраќаме неколку мировни мисии не само во Авганистан, туку и во Алтеа во Босна и Херцеговина тоа го имаме како наредна точка и би сакал да ја изразам нашата поддршка и за наредната точка.

Сметам дека нашето учество е исклучително значајно од најмалку две причини.

Прво, тоа е заради она што се вика поддршка на борба против тероризмот и идеолошкиот континуитет и поддршка на коалицијата против тероризмот и на НАТО кои што се борат во Авганистан и,

Второ, она што се вика активно партиципирање на наши воени сили при мисиите на НАТО и Антитерористичката коалиција што е еден од подобрите начини за полесно пристапување во НАТО, што се надевам ќе биде наша заедничка радост во 2008 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по Текстот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има 72 пратеници, 71 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

**Втора точка - Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР, АЛТЕА.**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Исто така, како и во претходната одлука, во оваа Предлог-одлука за испраќање на единица на АРМ за продолжување на учество во мисија на Европската унија во Босна и Херцеговина, АЛТЕА, станува збор за упатување на една хеликоптерска единица составена од два хеликоптера и 21 лице кои што се во рамките на хеликоптерската единица.

Знаеме дека ние како Република Македонија учествуваме во оваа операција на Европската унија водена од 15 јули 2006 година. На тој начин се создава обврска на 15 јануари 2007 година да биде ротацијата и во таа насока предлогот од Владата е Парламентот да ја донесе оваа одлука за да продолжат едноставно подготовките во поглед на самата ротација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по Текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници од кои за гласале 74, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Европската унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР, АЛТЕА.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 11,43 часот)